**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-568/5
Датум: 22.3.2023 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 и 173 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 178/2021) и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје, единица во состав на Универзитетот „*Св. Кирил и Методиј*" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 22.3.2023 година, донесе

# ОДЛУКА
за избор на наставник

1. Се прифаќа предлогот од рецензенската комисија даден во Реферaтот/Извештајот објавен во *Билтенот* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1279 од 1 март 2023 година, за избор на ***д-р Петар Крстевски*** во наставно-научното звање ***вонреден професор*** по предметите од наставно-научната област *20300-електроенергетски мрежи и системи.*

2. ***Д-р Петар Крстевски*** се избира во наставно-научното звање ***вонреден професор*** по предметите од наставно-научната област *20300-електроенергетски мрежи и системи,* за време од пет години.

3. Избраниот наставник заснова работен однос за времето за кое е избран.

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

5. Примерок од одлуката да се достави до: ННС, именуваниот, персонално досие, општата служба и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски